ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02-142/1
26.04. 2021 год.
ШТИП

ИСТОЧЕН РЕГИОН

**СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН**

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

Врз основа на член 22 став 1 алинеја 4 и член 43 став 4 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/2021) и член 2 став 1 алинеја 4 од Деловникот за работа на Советот за развој на Источен плански регион бр.03-80/1 од 13.03.2009 година, а во врска со Програмата за изменување на Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.84/21), Советот за развој на Источен плански регион на продолжението на XXI-та Седница одржано на ден 26.04.2021 година, ја донесе следната:

**Одлука**
**за дополнување и изменување на Одлуката за утврдување на Годишна листа на Предлог - Проекти за развој на Источен плански регион во 2021 година**

**член 1**

Со оваа Одлука се дополнува и изменува Одлуката за утврдување на Годишната листа на Предлог - Проекти за развој на Источен плански регион во 2021 година бр.02-430/1 од 10.12.2020 година.

**член 2**

Во називот на Одлуката за утврдување на Годишната листа на Предлог - Проекти за развој на Источен плански регион во 2021 година бр.02-430/1 од 10.12.2020 година, по зборот „година" се додаваат зборовите „и 2022 година".

**член 3**

Во член 1 став 1 по зборот "година" се додаваат зборовите „и 2022 година".

Во член 1 став 1 точка 4, точката на крајот се заменува интерпукцискиот знак „ ; ".

Во член 1 став 1, по четвртата точка се додаваат уште 4 (четири) нови точки и тоа:

5. Подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура во Источен плански регион – Електрификација и партерно уредување на археолошки локалитет Баргала и Конзервација и реставрација на споменик на културата Саат Кула во Штип;
6. Енергетски ефикасен, пристапен и достапен објект за сите - општина Виница;
7. Партерно уредување на рекреативен центар во туристичка населба Рамна река - Општина Пехчево;
8. Изработка на технички документации за унапредување и промоција на конкурентските предности на Источен плански регион.

**член 4**

Во член 3 од Одлуката за утврдување на Годишната листа на Предлог - Проекти за развој на Источен плански регион во 2021 година бр.02-430/1 од 10.12.2020 година, по зборот „година" се додаваат зборовите „и Програмата за изменување на Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.84/21)".

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на нејзиното донесување.

Совет за развој на Источен плански регион
Претседател,
Д – р Сашко Николов